IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

Институт за демократија
СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС ИДСЦС
Бр.0302 - 155 - 1 / 26
06.05.2026
СКОПЈЕ

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ**

**за изработка на дигитална контролна табла за визуелизација на отворени податоци од Собранието**

Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје објавува јавен повик за прибирање понуди за ангажирање правно или физичко лице за изработка на дигитална контролна табла / dashboard за визуелизација, пребарување и полесно користење на отворени податоци од Собранието на Република Северна Македонија.

Повикот се објавува во рамки на проектот **„Парламентарни отворени податоци во пракса: Градење граѓански ангажман“**, чија цел е да придонесе кон зголемување на јавната отчетност на Собранието преку подобрување на пристапноста и употребливоста на парламентарните отворени податоци. Проектот е поддржан преку Digital Spark грантовата програма, во рамки на повикот за Источна Европа и Централна Азија, спроведуван со поддршка на CIVICUS, Фондацијата Метаморфозис и TechSoup.

**1. Позадина**

Собранието на Република Северна Македонија располага со портал за отворени податоци, преку кој се објавуваат различни сетови на податоци во машински читлив формат. Иако овие податоци се јавно достапни, нивната употреба од страна на пошироката јавност, граѓанските организации, новинарите, студентите и младите граѓани е ограничена поради техничкиот формат во кој се објавуваат.

Со цел да се надмине јазот помеѓу формалната транспарентност и практичната употреба на податоците, проектот предвидува изработка на јавнодостапна и кориснички ориентирана дигитална контролна табла, која ќе овозможи поедноставен пристап, визуелизација, пребарување и анализа на избрани парламентарни отворени податоци.

**2. Предмет на повикот**

Предмет на овој повик е избор на понудувач кој ќе биде задолжен за:

**изработка, тестирање, поставување и основна техничка документација на дигитална контролна табла / dashboard за визуелизација и пребарување на отворени податоци од порталот на Собранието.**

Контролната табла треба да биде развиена како практична, лесно разбирлива и јавно достапна алатка наменета за граѓани, новинари, граѓански организации, студенти, млади луѓе, истражувачи и други заинтересирани корисници.

**3. Опфат на задачата**

Избраниот понудувач ќе треба да развие dashboard кој ќе ги користи јавно достапните податоци од порталот за отворени податоци на Собранието, особено следните сетови на податоци:

1. пратенички прашања;
2. податоци поврзани со активноста и присуството на пратениците / MyMP;
3. податоци за канцелариите за контакт со граѓани, односно посети и средби во локалните канцеларии.

Во зависност од структурата и достапноста на податоците, понудувачот треба да предложи најсоодветен начин на нивна обработка, визуелизација и претставување.

**4. Очекувани функционалности**

Дигиталната контролна табла треба да ги содржи најмалку следните функционалности:

- автоматско преземање на податоците од порталот за отворени податоци на Собранието;
- обработка и стандардизација на достапните податоци;
- визуелизација на податоците преку графикони, табели, индикатори и други соодветни прикази;
- можност за пребарување и филтрирање по релевантни категории;
- можност за преземање / export на податоци или резултати во соодветен формат;
- јасен и кориснички ориентиран интерфејс;
- прилагоденост за користење на десктоп и мобилни уреди;
- основни стандарди за дигитална пристапност;
- можност за дополнување со нови сетови на податоци во иднина;
- јавно достапен или пренослив изворен код, согласно договорот со нарачателот;
- методолошки белешки за изворите на податоци, ограничувањата и начинот на ажурирање.

**5. Очекувани резултати / deliverables**

Избраниот понудувач ќе треба да ги испорача следните резултати:

1. функционална дигитална контролна табла поставена во тест-околина;
2. финална верзија на dashboard-от поставена онлајн;
3. интеграција на најмалку трите наведени сетови на отворени податоци;
4. интерактивни филтри, пребарување и визуелизации;
5. можност за преземање или извоз на податоци;
6. техничка документација за структурата, кодот, начинот на ажурирање и одржување;
7. кратко корисничко упатство за тимот на Институтот за демократија;
8. поддршка при тестирање и внесување корекции врз основа на повратни информации;
9. основна техничка поддршка по пуштање во употреба, во времетраење договорено со нарачателот.

**6. Временска рамка**

Ангажманот се очекува да се реализира во период од **мај до јуни 2026 година**, со цел dashboard-от да биде подготвен за јавно лансирање во јули 2026 година.

Понудувачите треба да достават реалистичен временски план за изработка, тестирање и финализација на алатката.

**7. Потребни квалификации**

На повикот можат да се пријават правни лица, тимови или индивидуални експерти со релевантно искуство во:

- развој на веб-апликации, dashboard-и или дигитални алатки;
- работа со отворени податоци и машински читливи формати, особено JSON;
- визуелизација на податоци;
- развој на кориснички ориентирани дигитални решенија;
- работа со јавни податоци, civic tech, транспарентност, добро владеење или сродни области;
- подготовка на техничка документација и кориснички упатства.

Предност ќе имаат понудувачи кои имаат претходно искуство со изработка на dashboard-и, отворени податоци, јавни институции, граѓански организации или алатки за јавна отчетност.

**8. Содржина на понудата**

Понудата треба да содржи:

1. краток профил на понудувачот;
2. опис на релевантно претходно искуство и линкови до претходно изработени слични алатки, доколку има;
3. предложен технички пристап и методологија за изработка на dashboard-от;
4. предложени технологии и алатки кои ќе се користат;
5. временска рамка за реализација;
6. финансиска понуда со вкупна цена и расчленување по фази или ставки;
7. предлог за период и обем на техничка поддршка по финализација на алатката;
8. контакт податоци на понудувачот.

**9. Критериуми за избор**

Понудите ќе се оценуваат според следните критериуми:

| **Критериум** | **Максимум поени** |
|---|---|
| Квалитет на предложениот технички пристап и методологија | 40 |
| Релевантно искуство на понудувачот | 25 |
| Финансиска понуда | 25 |
| Реалистичност на временската рамка и понудена поддршка | 10 |
| **Вкупно** | **100** |

Институтот за демократија го задржува правото да побара дополнителни информации или појаснувања од понудувачите во процесот на евалуација.

**10. Начин и рок за доставување понуди**

Понудите треба да се достават по електронски пат на следната адреса:

**contact@idscs.org.mk**

со назнака:

**„Понуда за изработка на dashboard за парламентарни отворени податоци“**

Рок за доставување понуди: **од 6 мај**, **до 17 мај (до 23:59 часот).**

Понудите доставени по истекот на рокот нема да бидат земени предвид.

**11. Дополнителни информации**

За дополнителни информации или прашања поврзани со повикот, заинтересираните понудувачи можат да се обратат на: aleksandra@idscs.org.mk. Прашањата може да се доставаат најдоцна до 14 мај.